# III. Надворешно-трговски и девизни движења во Република Македонија

## Основни индикатори за надворешно-трговските и девизните движења

| | месец | Износ (милиони УСД) | Месечни промени во % | I-IX. 2003 (милиони УСД) | Промени во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во однос на ист период од претходната година |
| **Надворешно-трговска размена** | IX.2003 | 299,8 | 27,5 | 2.609,0 | 18,0 |
| **Извоз** | IX.2003 | 117,5 | 34,2 | 978,2 | 20,2 |
| **Увоз** | IX.2003 | 182,3 | 23,5 | 1.630,8 | 16,7 |
| **Салдо** | IX.2003 | -64,8 | 8,0 | -652,6 | 11,8 |
| | | | | | во однос на крајот од претходната година |
| **Надворешен долг на РМ** | IX.2003 | 1.640,3 | 2,6 | - | 8,1 |
| **Девизен курс на девизен пазар** (денари за единица странска валута) | IX.2003 | | | | |
| **МКД / УСД** | | 53,59 | -5,2 | | -8,5 |
| **МКД / ЕВРО** | | 61,16 | -0,1 | | 0,1 |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

## 3.1. Надворешно-трговска размена[10]

*Намален обем на стоковна размена со странство во август 2003 година*

Во август 2003 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија забележа пад од 24,8% на месечна основа и изнесуваше 235,2 милиони САД долари. Намалениот обем на размена главно се должи на влијанието на сезонски фактори (летните годишни одмори). Кај извозот беше регистриран пад од 28,5%, при што вкупниот извоз изнесуваше 87,6 милиони САД долари. Увозот се намали за 22,4% и изнесуваше 147,6 милиони САД долари. Трговскиот дефицит изнесуваше 60,0 милиони САД долари, а покриеноста на увозот со извоз 59,3%. Пад на извозот беше регистриран кај сите позначајни категории[11] на производи, при што најзначајно беше намалувањето на извозот на железо и челик (за 49,3%) и извозот на облека и текстил (за 17,5%). На страната на увозот, пад беше регистриран кај привремениот увоз за доработка (41,6%), увозот на автомобили (60,6%) и увозот на електро-технички апарати, машини и опрема (14,5%).

На годишно споредбено ниво (август 2003 / август 2002 година), вкупната стоковна размена на Република Македонија со странство забележа пад од 1,6%. Притоа, падот на извозот изнесуваше 1,7%, додека на увозот 1,4%.

*Во септември 2003 година, месечен пораст на надворешно-трговската размена од 27,5%...*

Во септември 2003 година, обемот на стоковната размена на Република Македонија со странство оствари месечен пораст од 27,5% и изнесуваше 299,8 милиони САД долари. Иако главниот фактор за зголемениот обем на размена е од сезонски карактер, ова е најголем пораст од 1996 година наваму. Притоа, порастот беше проследен и со подобрена структура на стоковната размена со странство. Имено, извозот се зголеми за 34,2% во однос на претходниот месец достигнувајќи 117,5 милиони САД долари, додека увозот се зголеми за 23,5% и изнесуваше 182,3 милиони САД долари. Дефицитот на трговскиот биланс за овој месец изнесуваше 64,8 милиони САД долари, а покриеноста на увозот со извоз се зголеми на 64,5%. Месечен пораст беше регистриран кај сите позначајни извозни категории[11], при што најзначаен беше порастот кај категориите железо и челик (за 62,2%) и облека и текстил (за 14,9%), кои учествуваат со 50,0% во вкупниот извоз. За септември исто така е карактеристичен и зголемениот извоз на тутун (пораст од 2,7 пати), кој во овој месец изнесуваше 5,3 милиони САД долари. Зголемувањето на увозот се должи на порастот на привремениот увоз на текстил за доработка (27,3%), увозот на патнички возила (2,1 пати), увозот на електрични машини и опрема (41,1%) и увозот на фармацевтски производи (95,9%).

*...и подобрена структура на стоковната размена*

На годишно споредбено ниво, надворешно-трговска размена во септември 2003 година оствари пораст од 16,5%. Притоа, извозот и узвозот остварија пораст од 14,5% и 17,7%, соодветно, а трговскиот дефицит се зголеми за 12,6 милиони САД долари.

---

[10] Претходни податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Извозот на стоки е прикажан на ф.о.б. основа, додека увозот на стоки е прикажан на ц.и.ф. основа.
[11] Според класификацијата на производи по тарифни броеви.

Графикон 26
Извоз, увоз и салдо на надворешно-трговската размена
(во милиони САД долари)




***Кумулативен пораст на надворешно-трговската размена од 18,0% во првите три квартали од 2003 година***

Надворешно-трговската размена во периодот јануари-септември оствари кумулативен пораст од 18,0% и изнесуваше 2.609,0 милиони САД долари. Притоа, подинамичен пораст беше регистриран кај извозот (од 20,2%) кој изнесува 978,2 милиони САД долари, додека увозот достигна 1.630,8 милиони САД долари (пораст од 16,7%). Од аспект на извозот, доминираа категориите облека и текстил (учество од 31,1% во вкупниот извоз) и железо и челик (20,2%), кои остварија кумулативен пораст од 12,7% и 63,6%, соодветно. Зголемениот извоз на текстил и железо укажува на подобрување на перформансите во овие две гранки. Кај увозот доминантно учество имаа категориите: привремен увоз за доработка (со учество од 20,5%), минерални горива (14,4%) и електрични машини и опрема (6,7%). Високиот пораст на привремениот увоз за доработка (од 54,0 милиони САД долари) и увозот на електрични машини (од 37,8 милиони САД долари) укажува на зголемен извозен потенцијал во идниот период и подобрување на структурата на увозот согласно зголеменото учество на инвестиционите стоки. Увозот на минерални горива во овој период исто така оствари висок пораст (37,2%) и беше проследен со пораст на производството на нафтени деривати (72,3%). Покриеноста на увозот со извоз за првите три квартали од 2003 година изнесуваше 60,0%, што претставува подобрување за 1,8 процентни поени во однос на истиот период од претходната година.

***Подинамичен пораст на извозот во однос на увозот во трговската размена со Европската Унија***

Во периодот јануари-септември 2003 година, доминантен надворешно-трговски партнер на Република Македонија беше Европската Унија (ЕУ), при што 55,7% од извозот и 43,9% од увозот беа реализирани со земјите од ЕУ. Извозот кон ЕУ оствари подинамичен пораст (30,9%) во однос на увозот (11,2%), а покриеноста на увозот со извоз се зголеми за 11,4 процентни поени во однос на истиот период минатата година, достигнувајќи 76,1%. Структурата на стоковната размена со земјите од Централна и Источна Европа[12] забележа влошување поради поголемиот пораст на увозот (36,5%) во однос на извозот (6,6%), при што покриеноста на увозот со извоз изнесуваше 12,6%. Во анализираниот период, републиките од поранешна СФРЈ учествуваат со 28,0% во македонскиот извоз и со 18,3% во увозот. Притоа, пласманот кон оваа групација на земји е зголемен за 9,1%, додека увозот е повисок за 10,1% во споредба со истиот период од минатата година, а стапката на покриеност на увозот со извоз изнесува 91,7%.

[12] Во оваа групација на земји влегуваат и поранешните Советски републики.

Графикон 27
Стоковна размена на Република Македонија според групации на земји, I-IX.2003 година

Извоз　　　　　　　　Увоз




Набљудувано по земји, најзначајни извозни партнери на Република Македонија во периодот јануари-септември 2003 година се Германија, Србија и Црна Гора и Грција, кои учествуваа со 54,2% во вкупниот извоз. Најзначаен пораст на извозот е регистриран во размената со Грција (59,1%), чие кумулативно учество во вкупниот извоз достигна 13,2% (пораст за 3,2 процентни поени). Пораст на извозот беше регистриран и во размената со Германија (16,1%) и Србија и Црна Гора (8,6%). Од аспект на покриеноста на увозот, позитивно салдо во размената со трите најголеми надворешно-трговски партнери е остварено единствено со Србија и Црна Гора (126,6%), но при намалена покриеност на увозот со извоз во однос на истиот период од минатата година (за 11,8 процентни поени). Пораст на покриеноста на увозот со извоз беше регистриран во размената со Германија (за 7,1 процентни поени) и Грција (за 11,9 процентни поени), кои изнесуваа 97,6% и 56,7%, соодветно.